Пречистен текст (Службен весник 32/2000, 108/2000, 4/2002 и 42/2003)

**ЗАКОН**
**за начинот и постапката на исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија**

Член 1

Со овој закон се уредува начинот и постапката на исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија.

Член 2

Под депонирани девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија се подразбираат девизните штедни влогови и девизните сметки на граѓаните (во натамошниот текст: девизни штедни влогови) кои банките со состојба на 1 јануари 1995 година ги искнижија од своето книговодство согласно со членвите 4 и 5 од Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија (Службен весник на РМ бр.14/95, 17/96 , 36/97 и 20/98) и истите ги водат во посебно книговодство.

Банки во смисла на овој закон се банките кај кои се водат девизните штедни влогови на граѓаните од став 1 на овој член.

Граѓани во смисла на овој закон се домашни и странските физички лица кои имаат девизни штедни влогови во банките од став 2 на овој член.

Член 3

Банките ја утврдуваат состојбата на сите девизни штедни влогови и пресметуваат камата заклучно со 30 април 2000 година и вака утврдената состојба ја деноминираат во ЕВРО, според средните курсеви на соодветните валути од курсната листа на Народна банка на Република Македонија што важат на 30 април 2000 година.

Член 4

Девизните штедни влогови од член 3 на овој закон, чиј износ е до 50 ЕВРА, на граѓаните им се исплатуваат почнувајќи од 01 мај 2000 година.

Од останатите девизни штедни влогови чиј износ е над 50 ЕВРА, на граѓаните им се исплатува еднократно по 3% од висината на секоја штедна партија започнувајќи од 01 јули 2000 година.

На износот од став 2 на овој член се пресметува и исплатува камата од 1% годишно за периодот од 1 мај 2000 година до 30 јуни 2000 година.

Член 5

Исплатите по основите од член 4 на овој закон се вршат во денари по средниот курс на ЕВРО од курсната листа на Народна банка на Република Македонија што важи на денот на исплатата.

Правото од член 4 на овој закон, граѓаните може да го остварат до 30 ноември 2000 година.

Член 6

Исплатите по основите од член 4 на овој закон, се извршуваат врз основа на пресметка на Народната банка на Република Македонија.

Со договор меѓу Народната банка на Република Македонија и банките се уредува начинот на авансирањето и пресметката за извршените исплати по овие основи.

Член 7

Девизните штедни влогови кои граѓаните не ги подигнале во рокот утврден во член 5, став 2 на овој закон, од 1 декември 2000 година се трансформираат во денарски штедни влогови по видување кај банките од член 2 на овој закон. Трансформирањето на девизните во денарски штедни влогови се врши по средниот курс на ЕВРО од курсната листа на Народна банка на Република Македонија што важи на 30.11.2000 година.

За трансформираните девизни штедни влогови во денарски, Република Македонија на банките им пренесува денарски средства, врз основа на договор што го склучува министерот за финансии со банките.

Член 8

За износот на девизните штедни влогови намалени за исплатите од член 4 на овој закон, Република Македонија издава обврзници.

Член 9

Состојбата на девизните штедни влогови кај банките од член 3, исплатите врз основа на член 4 и износот за издавање на обврзници од член 8 на овој закон ги потврдува Народната банка на Република Македонија.

Член 10

Обврзниците од член 8 на овој закон се издаваат во нематеријализиран облик, гласат на име и во ЕВРО и се неограничено преносливи.

Член 11

Номиналната вредност на обврзниците се отплатува во 20 полугодишни рати на 1 април и 1 октомври, а првата рата за отплата пристигнува на 1 април 2002 година.

Номиналната вредност на обврзницата е износот на девизниот штеден влог со пресметаната камата до 30 април 2000 година намален за исплатите од член 4 на овој закон.

Член 12

На номиналната вредност на обврзниците се пресметува камата во висина од 2 % годишно, започнувајќи од 1 мај 2000-та година.

Отплатата на каматата се врши два пати годишно на 1 април и 1 октомври.

По исклучок на став 2 од овој член, каматата за периодот од 1 мај до 31 декември 2000 година, ќе се отплатува започнувајќи од 31 декември 2000 година.

Член 13

Отплатата на обврзниците се врши во денарска противвредност според средниот курс на ЕВРО од курсната листа на Народна банка на Република Македонија што важи на денот на исплатата на обврзниците, а најмногу во рок од 30 дена од денот на пристигнувањето.

По истекот на овој рок ќе се применува средниот курс на Народна банка на Република Македонија што важи на денот на пристигнувањето на обврзниците.

Член 14

Средствата за исплата на девизните штедни влогови од членот 4 на овој закон и за отплата на обврзниците ги обезбедува Република Македонија.

Член 15

Издадените обврзници согласно со овој закон имаат еднаков третман со сите други обврски на Република Македонија.

Член 16

Банките износот на девизните штедни влогови од член 9 на овој закон, го искнижуваат и го пренесуваат во форма на електронски запис кај овластената институција од член 24 на овој закон за водење на регистарот на обврзниците во нематеријализиран облик.

По извршениот пренос на електронскиот запис од став 1 на овој член, банката е должна по барање на сопственикот во штедната книшка да го внесе износот што се пренесува кај овластената институција.

Обврзниците се сметаат за издадени а граѓаните се стекнуваат со сопственост на обврзниците од моментот на уписот на истите кај овластената институција.

Овластената институцијата издава потврда за состојбата на износот на обврзниците врз основ на девизните штедни влогови.

По извршениот упис на износот на девизните штедни влогови во обврзници кај овластената институција, правата што произлегуваат врз основ на девизните штедни книшки се гаснат .

Член 17

Обврзниците во номинална вредност може да се користат за:

- плаќање на со закон пропишаните обврски согласно член 109, став 2 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал за промена на интерните акции во обични акции;
-плаќање на надоместок за концесија и долгорочен закуп;
-купување и отплата на акции и удели од претпријатијата со општествен капитал во трансформација;
-плаќање на побарувања пренесени со закон на Агенцијата на Република Македонија за управување со средства;
-купување и отплата на станови во општествена сопственост;
-купување на деловен простор во сопственост на Република Македонија;
-плаќање за доделување и купување градежно земјиште во сопственост на Република Македонија;
-купување на земјоделско земјиште во сопственост на Република Македонија, и
-купување и отплата на државен капитал.

Обврзниците се користат за намените од став 1 на овој член, во согласност со постојните законски прописи во кои е регулирано нивното остварување.

Член 18

Побарувањата на граѓаните врз основ на обврзниците не застаруваат.

Член 19

Приходите врз основ на овие обврзници не се оданочуваат.

Член 20

Тргувањето со обврзниците се врши преку Македонската берза за долгорочни хартии од вредност, согласно со правилата на берзата.

Со обврзниците може да тргуваат домашни и странски физички и правни лица.

Член 21

Република Македонија, може во секое време да изврши откуп на обврзниците пред рокот на нивното пристигнување според условите, начинот и постапката кои ги утврдува Владата на Република Македонија.

Член 22

Условите, начинот и постапката за учество на Република Македонија во секундарното тргување со обврзниците ги утврдува Владата на Република Македонија.

Откупените обврзници од став 1 на овој член, Република Македонија не може да ги препродава.

Член 23

Поблиски прописи за спроведување на овој закон донесува министерот за финансии.

Член 24

Влатата на Република Македонија ќе овласти институција што ќе ги врши работите на депозитар на обврзници во нематеријален облик до конституирањето на Централниот депозитар за хартии од вредност.

Трошоците на овластената институција за водење на регистарот се утврдуваат со договор помеѓу министерот за финансии и овластената институција.

Член 25

Овластената институцијата е должна да обезбеди тајност на податоците за сопственоста на обврзниците. Известување за сопственоста и состојбата на

обврзниците може да се даде само на барање на сопственикот на обврзниците, на судот и на друг овластен орган утврден со закон.

Член 26

Отплатата на обврските по основ на обврзници ја врши институција овластена од страна на Владата на Република Македонија со која министерот за финансии склучува договор.

Член 27

Висинатата на највисоката брокерската провизија при тргување со обврзниците ја утврдува Комисијата за хартии од вредност.

Член 28

Со денот на влегување во сила на овој закон престанува да важи Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови и за обезбедување средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните ("Службен весник на РМ", број 31/93, 70/94 65/95 и 71/96).

Член 29

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".